14314

## Писмо до Редакцијата

# ПО ПОВОД НАПИСОТ „УМЕТНИКОТ ТВОРЕЦ НО НЕ И САМОУПРАВУВАЧ“

*Во врска со извештајот од пленумот на ДЛУМ објавен во неделниот број на нашиот весник под наслов „Уметникот творец, но не и самоуправувач“, добивме писмо од Работната заедница на Музејот на современата уметност, во кое се бара да бидат објавени неколку забелешки на наводи од споменатиот извештај кои се однесуваат на МСУ.*

*Писмото гласи:*

*„Во написот се одбележува искажувањето на Пленумот на ДЛУМ дека музеите и галериите се ставиле „себе во улога на единствени, иако не квалификувани арбитри на уметничката вредност, фаворизирајќи тесен круг уметници, а запоставувајќи огромен број други“. Меѓутоа, „арбитрирањето“ на уметничките вредности се обавува и од редица други инстанци, а исто така и откупот на уметничките дела се врши од многу извори, често далеку позначајни од скромните средства со кои располагаат галериите и музеите. Од друга страна на нашата јавност од досегашното дејствување на Музејот ѝ е позната квалификуваноста на оваа установа и широчината на уметничките вредности опфатени со нејзината активност.*

*Не е точно дека во Работната заедница на Музејот сега е вклучен само еден уметник: вклучени се двајца, што претставува една третина од вкупниот број на сите лица кои ги именува основачот.*

*Во написот понатаму се тврди дека во новиот, сѐ уште неусвоен статут на МСУ, ликовниот уметник и ДЛУМ воопшто не се споменуваат. Меѓутоа, во член 24 на Статутот е предвидено на прво место дека претставник од редовите на ликовните уметници влегува во нашата Работна заедница. Ние мораме, од друга страна да нагласиме дека целите и задачите на Музејот се од многу поширок општествен и културен карактер и дека тие ги надминуваат целите и задачите на која и да е професионална и сталешка организација. Сметаме, исто така, дека егзистирањето како ликовен уметник, архитект, историчар итн., не е безусловно поврзано со членувањето во некоја од нив. Претставниците на општествената заедница во нашиот совет ги именува основачот на Музејот — Собранието на град Скопје, кое секогаш ги респектирало барањата на Музејот за вклучување на поголем број ликовни уметници во него“.*

*За Работната заедница на МСУ*
*Љубица Дамјановска*

* * *

*Сите наводи во извештајот на кои се однесува ова писмо се констатации од дискусијата што се водеше на пленумот на ликовните уметници на Македонија одржан на 16 јануари. Имајќи ја предвид пристрасноста на одделни учесници во дискусијата, нашиот соработник во прилична мерка ги ублажи наводите, исфрлувајќи ги во целост оние делови од дискусијата кои се однесуваа директно на одделни раководни личности на институциите што се занимаваат со ликовна уметност. Тоа што стана збор пред сѐ за Музејот на современата уметност и неговиот сѐ уште неусвоен нов статут, дојде како резултат на извештајот на порано формираната комисија, која требаше да донесе тези за односот меѓу институциите што се занимаваат со ликовна уметност и ликовниот уметник по повод изложбата на југословенската уметност во Париз. Втората причина е секако таа што МСУ е институција на современата уметност — најинтересна за ликовните уметници-современици. Веруваме дека ликовните уметници на Пленумот дискутираа за Музејот од тој аспект, запоставувајќи го неговото пошироко општествено значење.*

*Со оглед на сево ова, ќе беше далеку поадекватно ова писмо да биде испратено до управата на ДЛУМ, кога веќе директорот на МСУ, кој присуствуваше на Пленумот, не најде за потребно да земе учество во дискусијата.*

*ОД РЕДАКЦИЈАТА*

НМ, Ск.